**Project: Our common past - road to the joint future CBC006.2.21.028**

**Вежба**

**Анализа на вредностите на заедницата:**

**Функционална анализа - Анализа на вредности**

Оваа анализа треба да ги утврди вредностите на заедницата кои можат да бидат искористени за нејзин развој. Истата претставува внатрешна анализа и треба да посвети внимание на се она што значи позитивна вредност во секој од долунаведените сегменти.

- **Човечки Ресурси**
- **Асоцијации и здруженија**
- **Институции**
- **Физички добра – земја, објекти (археолошки, културно-историски, религиски и др.), опрема и др.**
- **Економски добра – локални/регионални бизниси, потрошувачката-економска моќ на жителите**
- **Културно наследство**
- **Пишани материјали**
- **Природни ресурси (како дополнителен сегмент)**

Идентификуваните вредности треба да се анализираат од аспект на нивно искористување во подготовка на било каква иницијатива за создавање/започнување/унапредување на некаква активност и понатака, во нејзиното спроведување односно во идните активности поврзани со социо-економскиот развој. Притоа, се прави наративна анализа и се зема во предви моменталната ситуација која се однесува на капацитетите на секој сегмент на вредности.

Анализираните вредности треба да ја дадат првичната слика со потенцијалот и капиталот кој ви е на располагање во случај да се одлучи кон изработка на Стратегија. Добиените податоци, понатака во процесот, со нивна понатамошна дообработка можат да бидат искористени и во изработка на стратешката анализа (SWOT, Избалансирана карта на показатели или други модули) како внатрешни страни на било која формална или неформална група која има за цел да канализира некаква иницијатива на локално ниво.

Напомена: При изработката на ваквата анализа, за секој од сегментите ќе се појават и негативните или слаби вредности или недостатоци. Овие информации не се наведуваат во оваа анализа. Групата која ја изработува анализата останува за нив свесна (негативните вредности или недостатоци можете да ги напишете на друг лист хартија) и

понатаму може да ги искористи в формулирање на слабите страни во делот на SWOT анализата.

**Project: Our common past - road to the joint future CBC006.2.21.028**

**Анализа на вредностите на ниво на општина/регион**

| **Бр.** | **Вредности** | **Опис (набројте најмногу три вредности)** |
|---|---|---|
| 1. | Човечки ресурси на институцијата (правниот субјект) | |
| 2. | Сектори и одделенија (функционална анализа: орг. структура, систематизација и пополнетост і систематизацијата, процедури...) | |
| 3. | Јавни и други служби | |
| 4. | Физички добра – земја, објекти (археолошки, културно-историски, религиски и др.), опрема и др. | |
| 5. | Пишани материјали/легална рамка, стратешки документи, годишни планови и др | |

The project is co-funded by EU through the INTERREG - IPA CBC - .

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

**Project: Our common past - road to the joint future CBC006.2.21.028**

**Анализа на вредностите на ниво на заедница**

| Бр. | Вредности | Опис (набројте најмногу три вредности) |
|---|---|---|
| 1. | Човечки ресурси на заедницата (општина, регион др.) | |
| 2. | Асоцијации, фондации и здруженија | |
| 3. | Институции | |
| 4. | Физички добра – земја, објекти (археолошки, културно-историски, религиски и др.), опрема и др. | |
| 5. | Пишани материјали/легална рамка, стратешки документи, годишни планови и др | |

The project is co-funded by EU through the INTERREG - IPA CBC - .

## Project: Our common past - road to the joint future CBC006.2.21.028

1. **Човечки Ресурси - Вештините на жителите**
   Се прави анализа на капацитетите на човечките ресурси на ниво на жители – општа слика со образованието, вештините, знаењето и слично. Да се издвојат најсилните знаења и вештини кои населението поседува како традиционално или стекнато низ процеси на учење знаење и вештини

2. **Асоцијации, фондации и здруженија**
   Анализа на бројот и видот на здруженија во општините, нивната работа и искуство. Да се стави акцент на идентификација на реализирани проекти и стекнато искуство низ реализација на проектите. Дополнително, да се направи анализа на капацитетите на персоналот и граѓаните вклучени во работата на здруженијата од аспект на нивна стучност, вештини и знаења.

3. **Институции - **Јавен сектор (општина/регион, подрачните единици на министерства, училишта, и др).
   Да се направи анализа на бројот и видот на институции присутни на територија на општината/регионот, образовниот профил на вработените во јавниот сектор, нивната бројка, искуство и вештини за работење, квалитетот на извршувањето на надлежностите итн.

4. **Физички добра – земја, објекти, опрема и др.** Физички добра – земја, објекти (археолошки, културно-историски, религиски и др.), опрема и др.
   Да се направи анализа на физичките добра (површина на земиште, број и состојба на објекти, опрема и слично), да се анализира состојбата по однос на сопственоста на земјиштето, квалитет и состав на земјиштето и неговата искорстеност.

5. **Економски добра – локални/регионални/национални бизниси, потрошувачката и економска моќ на жителите**
   Анализа на состојбата со економијата на општинско ниво – податоци за број и големина на локалните бизниси и секторото во кој работат (пр. Услуги, градежништво, земјоделство итн.)
   Анализа на потрошувачката моќ на населението изразна преку состојбата со вработеноста, евентуална анализа на вработеност по сектори (пр. Јавен сектор, приватен и граѓански) и просечни плати. Доколку се немаат вакви податоци се прави општ преглед на состојбата.

6. **Културно наследство**
   Анализа, попис и класификација на културното наследство и добра . Во оваа анализа, освен објектите кои имаат докажано културно наследство треба да се идентификуват и опишат објектите/инфраструктурата која се користи за давање на услуги во доменот на културата (пр. Домови на култура, галерии, археолошки локалитети/објекти, религиозни објекти итн.) Во ваквата анализа, добро е да се идентификува и употребната вредност на овие добра по однос на нивно

искористување за социо-економски развој (пр. Искористување во туристички цели, можност за давање на услуги од доменот на култура, итн.)

7. **Пишани материјали.** Анализа и попис на документи кои се изработени од страна на општината и останатите субјекти (пр. Стратешки планови, студии, анализи итн). За секој документ кратка содржина и намена – цел.

8. **Природни ресурси (како дополнителен сегмент)**
   Анализа, попис и класификација на природното наследство и добра . Во оваа анализа, освен ресурсите кои имаат се докажани и заштитени како природни ресурси треба да се идентификуват и опишат останатите природни ресурси (шуми, вода, почва итн) кои моѓат да бидат искористувани во насоки на равој на територијата. Во ваквата анализа, добро е да се идентификува и употребната вредност на овие ресурси по однос на нивно искористување за социо-економски развој (пр. Искористување во туристички цели, можност за екпоатација, итн.)